## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Десеттото продолжение на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 декември 2007 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,07 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата да влезат во салата да ги завземат своите места.

Ги молам службите да го достават точен бројот на присутните пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Лилјана Поповска, Данаел Дончев, Борис Кондарко, Никола Ќуркчиев, Лазар Китановкси, Неждет Мустафа, Љубчо Георгиевски, Мирјана Секуловска, Владанка Авировиќ, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Флора Кадриу, Александар Николовски и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите уште еднаш да установат точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Предлог за донесување на закон за Комитет за односи меѓу заедниците, со Предлог на закон.**

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници, кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Се на се гласаа 67 пратеници, за гласаа сите 67 пратеници.

Воздржани и против нема.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака)

Од присутни 19 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, сите 19 гласаа за.

Против и воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците. (Аплауз)

Ја прекинувам работата за 15 минути за пререгистрација, затоа што ќе одиме на друга седница.

Пауза од 11,20 часот.

(Седницата заврши со работа во 11,20 часот)